Врз основа на член 54 став (1) точка 2 потточка 2.13, член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, а во врска со член 213 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 април 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на План за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Планот за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 54 став (1) точка 2 потточка 2.13 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува десетгодишни планови за развој на системите за пренос на електрична енергија и гас.

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* Регулаторната комисија за енергетика одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 213 став (2) од Законот за енергетка* операторот на системот за пренос на гас, најдоцна до 1 октомври во годината во која се усвојува планот, е должен истиот да го достави до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија, кое во рок од 20 дена од денот на приемот на планот ја проверува неговата усогласеност со Интегрираниот национален план за енергија и клима и на операторот му доставува образложено писмено мислење.

Согласно член 213 став (3) по добиеното мислење операторот на системот за пренос на гас, до 31 октомври го доставува усогласениот план на одобрување до Регулаторна комисија за енергетика, и по одобрувањето го објавува на својата веб страница.

Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје), со допис бр. 08-1652/3 од 25

март 2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 11-473/1 од 25 март 2026 година, го достави на одобрување Планот за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година (во понатамошниот текст: План за развој). Во прилог на дописот достави и Мислење од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија.

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр.11-473/2 од 1 април 2026 година до НОМАГАС АД Скопје достави забелешки по предлог текстот на Планот за развој.

НОМАГАС АД Скопје постапи по забелешките и со допис бр. 03-2347/1 од 24 април 2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 11-473/3 од 24 април 2026 година, достави на одобрување коригиран План за развој и Одлука за донесување на Планот за развој бр. 01-478/2 од 24 април 2026 година.

На 7 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри План за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година на НОМАГАС АД Скопје, кој што е во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-473/3**
**7 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**Прилог:**

- План за развој на системот за пренос на природен гас за период од следните десет години на Номагас АД Скопје бр.01-478/2 од 24 април 2026 година